Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-232/1
19-04-2022 година

Постапувајќи по претставка бр.0801-97/1 од 25.05.2021 година поднесена од [redacted], против Општина Штип и Совет на Општина Штип, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност, раса, боја на кожа, социјално потекло и имотен статус во областа на пристап до јавни добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 13.04.2022 година го донесе следново

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност, раса, боја на кожа, социјално потекло и имотен статус во областа на пристап до јавни добра и услуги од страна на Општина Штип и Советот на Општина Штип, кон припадниците на ромската заедница кои живеат во населбата [redacted] во Штип.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Комисијата за Спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 0801-97/1 од 25.05.2021 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација, врз основа на етничка припадност, раса, боја на кожа, социјално потекло и имотен статус во областа на пристап до добра и услуги во комуналната инфраструктура врз припадниците на ромската заедница кои живеат во населбата [redacted] од страна на Општина Штип и Советот на Општина Штип.

Во претставката подносителот наведува дека во населбата [redacted] во Штип живеат околу 60 ромски семејства, без обезбедени основни услови за живот. Населбата непламски се развива, со што се намалуваат можностите за урбан развиток. Според подносителот, голем дел од улиците се неасфалтирани, а електричната енергија во некои делови од населбата е со слаб напон. Исто така, истакната е потребата од поставување на соодветно улично осветлување, како и поставување на контејнери со цел одржување на комуналната хигиена.

Според подносителот на претставката станува збор за непочитување на правата на граѓаните загарантирани со Член 9 од Уставот на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија бр.52/1991 од 22.11.1991 година, 1/1992, 31/1998, 91/2001, 84/2003, 107/2005, 3/2009, 13/2009, 49/2011 и 6/2019 од 12.01.2019). Исто така, според подносителот на претставката, Општината не постапила согласно своите обврски наложени во Член 22, став 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Северна Македонија бр.5/2002 од 29.01.2002), како и Член 5, став 11 и Член 14, став 3 од Законот за комунални дејности (Службен весник на Република Северна Македонија бр.87/2008 од 15.07.2008).

Имајќи ги предвид наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7, во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 14.06.2021 година испрати Известувања заведени под архивски бр. 0801-97/2 и 0801-97/3 за произнесување кон

наводите од претставката до Општина Штип и до Советот на Општина Штип, како потенцијални дискриминатори.

Бидејќи одговор од страна на Општината и Советот на Општина Штип не беше пристигнат, на ден 08.07.2021 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапувајќи согласно своите законски надлежности, испрати ургенции заведени под архивски броеви 0801-97/4 и 0801-97/5, за произнесување кон наводите од претставката до потенцијалните дискриминатори.

На ден 13.07.2021 година, во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор кон наводите од претставката, заведен под архивски број 0801-97/6 од Општина Штип. Во одговорот е наведено дека согласно годишните програми во делот на урбанистичкото планирање и извршувањето на комуналните дејности, Општина Штип постапува без извршување на дискриминација. Од Општина Штип потенцираат дека во посочената област во претставката, извршено е асфалтирање на улици, изведени се 2900 метри должина водоводна мрежа и 930 метри должина канализација. Исто така, според новото проектно решение, планирано е и изведување на водоснабдителен систем за месноста [redacted] со соодветен резервоар, со ново предвидена водоводна линија од 900 метри должина.

На ден 12.08.2021 година, во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна и одговорот кон наводите од претставката, заведен под архивски број 0801-97/7 од Советот на Општина Штип. Одговорот се состои од придружни прилози за извршени активности во месноста [redacted], побарани од Секторот за урбанизам при Општина Штип, испратени до ЈП „Исар" Штип и ЈП „Стипион 2011", како надлежни јавни претпријатија за извршување на комуналните дејности во општината.
Најпрво, од страна на Советот на Општина Штип е потенцирано дека во месноста „Каваклија" е извршено асфалтирање на главната улица [redacted] пред повеќе години и дека се отпочнати постапки за легализација на бесправно изградените објекти. По спроведувањето на процесот на легализација, од Советот наведуваат дека ќе биде извршено соодветно изготвување на Детален урбанистички план, во кој би се предвидело изведба на пристапните улици кон населбата.
Како второ, во придружниот прилог кон одговорот на Советот доставен од страна на ЈП „Стипион 2011" - Штип е наведено дека во месноста [redacted] во периодот од 2018 година, па се' до денот на поднесувањето на претставката, извршено е асфалтирање на улицата која води од Средното медицинско училиште „Јане Сандански" до спојот со улицата [redacted] Извршена е и изведба на армирано-бетонски коловози и пристапи од 1063 метри квадратни, колски пристап во земјена изведба и поставени биле 15 броја бандери за улично осветлување, како и 9 сијалични места.
На крај, во придружниот прилог кон одговорот на Советот на Општина Штип, доставен од страна на ЈП „Исар" – Штип е наведено дека во месноста [redacted] во периодот од 2018 година, па се' до денот на поднесувањето на претставката, извршено е изведување на 2900 метри должина водоводна мрежа и 930 метри должина канализациона мрежа. Со новото проектно решение за водоснабдителен систем, планирано е изведување на главни цевководи од резервоар со 400 метри кубни вода и дополнителна водоводна линија со должина од 900 метри. Исто така, јавното претпријатие имало поставено контејнери во населбата, а секое домаќинство имало добиено канти од 120 литри за одлагање на сметот.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги анализираше наводите во претставката, доставениот одговор од страна на Општина Штип, Советот на Општина Штип со дополнителните прилози и направи аналитички осврт на домашната и меѓународната пракса поврзана со предметниот проблем.

Правото на пристап до вода е основно човеково право и е основа за човечкото достоинство. Уставот на Република Северна Македонија во член 8, став 1 како темелни вредности ги предвидува основните слободи и права на човекот и граѓанинот, признати со меѓународното право и утврдени со Уставот. Со резолуцијата на Генералното собрание на Обединетите нации A/Res/64/292 од 28 јули 2010 година, пристапот до безбедна вода за пиење и одведувањето на отпадни води, е признат како самостојно човеково право.

Постојаниот и долготрајниот недостаток на пристап до безбедна вода за пиење, по својата природа, може да има негативни последици по здравјето и човечкото достоинство ефективно, притоа, негативно да влијае на приватниот живот и уживањето во домот во смисла на Член 8 од Европската конвенција за човекови права.

Во конкретниот случај, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека Општината Штип, Советот на Општината и посочените јавни претпријатија постапиле согласно нивните законски надлежности на начин што не претставува вршење на дискриминација врз жителите на населбата „Каваклија", при извршување на предвидените комунални дејности.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, не утврди дека во конкретниот случај е извршена дискриминација врз основа на етничка припадност, раса, боја на кожа, социјално потекло и имотен статус во областа на пристап до добра и услуги сторена од страна на Општина Штип и Советот на Општина Штип врз припадниците на ромската заедница во населбата [redacted] во Штип.

Скопје
19.04.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:

- Општина Штип, ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип
- Совет на Општина Штип, ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип

[redacted]